| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | „Боите на есента“ |
| **Содржина на денот** | ,,Хризантема“- сликање есенско цвеќе |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на хигиенски навики за здраво и безбедно однесување во градинка, домот и надвор, демонстрација како правилно треба да се користи сликарскиот ликовен материјал и негово одржување после секоја употреба. |
| **Активности** | Активноста ќе започне со кратка прошетка во блиска околина или во дворот. Ќе се води разговор за есента и нејзините карактеристики, односно ќе се утврдуваат веќе стекнатите знаења за годишното време есен. Потоа набљудувајте есенско цвеќе „Хризантема“ – запознавање, именување, опишување ( мирис, боја, изглед, големина и сл.), разговарајте за тоа што му е потребно на ова растение ( сонце, воздух, вода, земја). Поттикнете го детето во текот на набљудувањето да поставува прашања со цел да добие одговор за нештата што не се јасни. Откако ќе завршите со прошетката и со набљудувањето предложете му на детето да слика на лист од блок „Хризантема“ со темперни бои. Пред да започнете со сликање направете вежби за раздвижување на фината моторика на дланките и прстите, а потоа започнете со работа. Во текот на активноста мотивирајте го и охрабрувајте го детето се до завршување на изработката. На крајот пофалете го за неговата изработка и закачете ја на некое видно место во Вашиот дом. Активноста завршете ја со игра на свеж воздух каде што детето играјќи си со есенските лисја ќе прави разни форми и фигури од нив (на пример: чадор, патека, куќичка, шумско животно, дрво и сл.). |